*(доверливо)*
**СО 53. седница**
**3.7.2024 година**
**Точка на дневен ред бр.4**

**ПРЕДЛОГ**

# ОДЛУКА
# за измени и дополнувања на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола

**Битола, 2024 година**

Врз основа на член 69 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола **(пречистен текст) СО бр. 02-6487/1/II-7 од 4.5.2023 година,** Собранието на Стопанска Банка а.д Битола на својата 53 седница одржана на **3.7.2024** донесе,

# ОДЛУКА
## за измени и дополнување на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола

### Член 1

СЕ УСВОЈУВААТ измените и дополнувањата на Статутот на Стопанска Банка ад Битола **(пречистен текст) СО бр. 02-6487/1/II-7 од 4.5.2023 година**

### Член 2

**Се менува член 79 став 1 алинеа 1 и истата ќе гласи: "**Член на Управниот одбор во чија надлежност е управувањето со ризици кој е претседател на одборот, директорот на Сектор за управување со ризици кој е заменик претседател на одборот, директорот на Сектор за финансии, директорот на Сектор за операции и администрација и директорот на Сектор за физички лица и микро клиенти. "

### Член 3

**Се менува член 85 во следните ставови и алинеи:**

**Се менува став 1 и истиот ќе гласи: "**Управниот одбор на Банката се состои од два члена, кои се подеднакво одговорни за работењето на Банката и за обврските што ги презема Банката. "

**Се менува став 2 и истиот ќе гласи: "**Со одлука на Надзорниот одбор се именуваат членовите на Управниот одбор на Банката. Притоа, Надзорниот одбор именува претседател на Управниот одбор. "

**Се менува став 3 и истиот ќе гласи: "**Со одлука на Надзорниот одбор се врши поделба на надлежностите меѓу членовите на Управниот одбор на Банката по одделни сегменти од работењето на банката и тоа: "

**Се менува став 3 алинеа 1 и истата ќе гласи: "-** Член на Управниот одбор надлежен за работењето со: финансии, физички лица и микро клиенти, правни лица, организација и ИТ и маркетинг и развој; "

**Се менува став 3 алинеа 2 и истата ќе гласи: "-** Член на Управниот одбор надлежен за: операции и администрација, управување со ризици, правни работи и решавање на проблематични пласмани, управување со инвестиции и имот, контрола на усогласеност на банката со прописите и спречување перење пари и финансирање тероризам."

**Се брише став 3 алинеа 3.**

**Се менува став 4 и истиот ќе гласи: "**Претседателот и членот на Управниот одбор се заеднички надлежни за работењето со човечките ресурси и Кабинетот на Управниот одбор."

**Се менува став 12 и истиот ќе гласи: "**Доколку бројот на членовите на Управниот одбор се намали под два, Надзорниот одбор веднаш ќе именува нов член на Управниот одбор."

**Член 4**

**Се менува член 88 став 1 и истиот ќе гласи:**"Управниот одбор полноважно расправа и одлучува ако на седницата се присутни двата члена. Управниот одбор одлуките ги донесува едногласно."

**Член 5**

**Се менува член 93 став 1 и истиот ќе гласи:** "Банката ја претставува претседателот на Управен одбор. За време на отсуство од било каква причина на претседателот на Управниот одбор, Банката ја претставува другиот член на Управниот одбор."

**Член 6**

**Се менува член 94 став 1 алинеа 2 и истата ќе гласи:„-** Претседателот и членот на Управниот одбор;"

**Се брише член 94 став 1 алинеа 3.**

**Се менува член 94 став 2 и истиот ќе гласи:** "За време на отсуство на претседателот или членот на Управниот одбор, актите ги потпишуваат покрај присутниот член на Управниот одбор и директорите на организационите единици од делокругот на работа со која раководат."

**Член 7**

**Се менува член 144 став 1 и истиот ќе гласи:** "Со утврдување на овој пречистен текст на Статутот престанува да важи пречистениот текст на Статутот, СО бр. 02-6487/1/II-7 од 4.5.2023 година."

**Член 8**

Останатите одредби на Статутот на Банката остануваат непроменети и во сила.

**Член 9**

Собранието на акционери го овластува Надзорниот одбор на Банката да ја дополни или измени оваа Одлука согласно барање на НБРСМ.

**Член 10**

Собранието на Банката го овластува Надзорниот одбор да изготви пречистен текст на Статутот.

**Член 11**

Оваа Одлука влегува во сила по добивање претходна согласност од гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија и усвојување на измените и дополнувањата на Статутот од страна на Собранието на Банката.

Собрание на Стопанска Банка
а.д. Битола
Претседавач

СО бр
Битола, 3.7.2024 година

______________________________

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Предметните измени и дополнување на Статутот се вршат со цел усогласување на одредбите на Статутот со новата организациона шема на Банката усвоена од Надзорниот одбор. Согласно истата, предложените измени и дополнувања предвидуваат нова поделба на надлежностите на членовите на Управниот одбор.

Имено, се врши измена во составот на Одборот за управување со ризици така што наместо членот на Управниот одбор во чија надлежност се операциите и администрацијата на Банката и директорот на Секторот за правни работи и решавање на проблематични пласмани членови ќе бидат директорот на Сектор за операции и администрација и директорот на Сектор за физички лица и микро клиенти.

Се врши измена кај Управниот одбор така што бројот на членовите на Управниот одбор се намалува од три(3) на два(2). Се врши измена и во однос на поделбата на надлежностите така што во надлежност на едниот член кој е претседател на Управниот одбор се работењето со: финансии, физички лица и микро клиенти, правни лица, организација и ИТ и маркетинг и развој. Другиот член на Управниот одбор е надлежен за: операции и администрација, управувањето со ризици, правните работи и решавањето на проблематичните пласмани, управувањето со инвестиции и имот, контрола на усогласеност на Банката со прописите и спречување перење пари и финансирање тероризам. Во заедничка надлежност на Претседателот и членот на Управниот одбор се работењето со човечките ресурси и Кабинетот на Управниот одбор.

Соодветно, направени се измени во однос на одлучувањето на членовите на Управниот одбор така што одлуките се донесуваат едногласно.

Стопанска банка а.д. Битола
Надзорен одбор

____________________________